Зорица САЛТИРОВСКА

# ГРАЃАНИТЕ И ВОЕНАТА ОБВРСКА

Одбраната на малите земји во кои спаѓа и Република Македонија е сложено прашање, кое наметнува исклучителни напори во изнаоѓањето на оптимален модел на одбранбен систем. Определба на Републиката е да се интегрира со Алијансата, а тоа значи изградба на одбранбен систем кој ќе биде компатибилен со системот на воената организација на Алијансата.

Таа компатибилност мора да биде воспоставена во сите сфери на воената организација и акција. Компатибилноста на организацијата значи и изградба на Армија врз принципите на класичната воена организација прифатена и спроведувана во сите земји членки на НАТО. Ваквата организација, меѓу другото, подразбира постепена професионализација на Армијата што е тенденција во речиси сите земји во светот, а особено во западно-европските. Тргнувајќи од сопствените национални интереси, Република Македонија вложува големи напори да ги исполни предусловите кои треба да ѝ обезбедат членство во Алијансата. Притоа особено внимание ѝ се посветува на професионализацијата на армискиот состав, со цел да има примат во секој сегмент од вооружените сили.

Сепак, економскиот развиток и потенцијалот на државата ја детерминираат и сферата на одбранбената политика. Техничко-технолошката база и економската моќ на земјата нудат можности кои често пати не можат да ги задоволат потребите на одбраната во настојувањето за побрзо исполнување на стандардите на НАТО. Поради тоа се бараат решенија кои најмногу ќе ги почитуваат можностите и потребите на земјата за одбрана и заштита. Ова секако важи и за организацијата на пополнувањето на вооружените сили и за тенденцијата за професионализација на армискиот состав.

Ако се земат предвид материјалните трошоци што се неопходни за опремување и издржување на професионална армија и економските можности на Република Македонија, може да се констатира дека и во наредниот период воената обврска ќе доминира како начин на пополнување на единиците и како можност што поголем број

граѓани да се подготват и обучат за учество во евентуалната одбранбена војна. Крај ова, големината на територијата, географските и демографските карактеристики на Република Македонија укажуваат на тоа дека борбените дејствија ќе мора да се изведуваат на целата државна територија, што ја наложува и потребата за максимално искористување на човечките ресурси. Тоа значи дека сè уште е неопходно граѓаните да се подготвуваат за вооружена борба и други облици на борба и отпор. Процесот на професионализација на вооружените сили ќе биде бавен и постепен, со вклучување на помали контингенти на професионални војници во вкупните армиски сили, па затоа воената обврска заслужува поголемо внимание од страна на научните и јавните кругови во смисла на изнаоѓање најоптимални решенија за правилно распоредување на обврзниците на формациските места и изградување на позитивни ставови кон АРМ и свест на неопходноста од нивнот вклучување во подготовките за одбрана на земјата.

### *1. Граѓаните како субјекти во одбранбениот систем на Република Македонија*

Законот за одбрана, во член 19 ја дефинира Армијата на Република Македонија како вооружена сила на сите граѓани на Републиката. Тоа значи дека АРМ не е национална, туку граѓанска армија, а основна причина за ваквата определба е повеќенациналниот состав на населението на Републиката.

Уставот на Република Македонија одбраната ја дефинира како право и должност на сите граѓани. Тоа значи дека не смее да постои дискриминација на граѓаните при нивното вклучување во одбранбениот систем и на тој начин да им се одземе правото да се вклучат во него, поради тоа што се од различна раса, национална, религиска припадност... или политичко определување и слично. Од друга страна, пак, остварувањето на одбранбената функција во општеството е можно единствено доколку сите нејзини субјекти ја исполнуваат одговорно и свесно. Тоа истовремено е нивна должност кон другите членови на општеството, што значи дека граѓаните подлежат на одредена должност кон заедницата. Определбата за максимално ангажирање на сите човечки и материјални потенцијали во одбраната на Републиката е неизбежна компонента на нашиот одбранбен концепт.

Поради тоа, носителите на политичката власт имаат право, но и одговорност да ги преземат сите неопходни мерки и активности заради обезбедување заедничка одбрана, што секако подразбира и обврзување на граѓаните со законски средства да го дадат својот придонес во остварувањето на оваа заедничка цел.[1] Тоа значи дека иако граѓаните имаат право да учествуваат во креирањето на политиката на одбраната, да се подготвуваат за вооружена борба и да учествуваат во неа и слично, а тоа право не може никој да им го одземе, сепак се законски обврзани да се вклучат во сите одбранбени активности во мир и во војна. Своето право за учество во одбраната на земјата, граѓаните го остваруваат преку законски пропишаните должности и обврски, а за да можат да ги извршуваат во војна, неопходно е за тоа да се оспособат и да се обучат во време на мир.

Со обучувањето и оспособувњето за одбрана, граѓаните стекнуваат неопходни воено-стручни и други знаења, а во исто време може да се постигне единство во сфаќањата, ставовите и постапките и да се развие увереност во можноста за успешна одбрана.

Граѓаните се оспособуваат, подготвуваат и организираат за одбрана на земјата од надворешна агресија, за одбрана и заштита на територијалната целокупност на Република Македонија, а во случај на агресија врз земјата, тие треба да водат вооружена борба, да применуваат други облици на борба и отпор, да ја организираат и да учествуваат во заштитата и спасувањето на населението и на материјалните и културните вредности и да ги извршуваат сите други работи од интерес за одбраната на Републиката. Ваквата улога на граѓаните бара целосна оспособеност за борба и отпор, бидејќи од нивната мотивација за учество во борбата и отпорот, од нивната психофизичка подготвеност и одбранбено-заштитната оспособеност зависат подготовките и остварувањето на одбраната на Републиката.

Достигнувањата во развитокот на воената техника и технологија, не само што не ја намалуваат улогата и значењето кое го има човекот во одбраната туку, напротив, значењето на човечкиот фактор се зголемува напоредно со развитокот на средствата со кои се води

---

[1] Ванковска, Б., *Војскаӣа и демокраӣијаӣа,* Детска радост, Скопје, 1995, стр. 152

војната. Во современите војни човекот е изложен на огромни психички и физички напрегања, а тоа ја јакне улогата на неговиот борбен морал, значењето за постоење мотив за победа над агресорот, добра обучност, психичка и физичка издржливост, умешност во борбата и слично.

Новите услови бараат повисок степен на техничка култура, способност за приспособување на условите на војната, совладување на многубројни лични и социјални тешкотии кои ги носи војната, без разлика дали се работи за учесник во вооружена борба или за граѓанин кој извршува задачи од значење за одбраната.

Бидејќи луѓето се припадници на граѓанско општество организирано како држава, нивното вклучување во одбранбената сфера е граѓанска должност и обврска. Државата ги одредува и пропишува должностите и обврските на граѓаните во системот на одбраната и од нив бара да ги исполнуваат оние должности и работи за кои граѓаните се способни и кои произлегуваат од соодветните одбранени потреби, т.е. од барањата на системот на одбраната во поглед на одбранбените активности и мерки, како и работите од областа на одбраната.

Граѓаните се подготвуваат за одбрана, се обучуваат за преземање на мерки и активности неопходни за остварување на политиката на одбраната на земјата и учествуваат во организирањето на системот на одбрана и заштита.

Според член 2 од Законот за одбрана, граѓаните имаат должност:

- да ја извршуваат воената обврска;
- да учествуваат во цивилната заштита;
- да извршуваат работна обврска и
- да извршуваат материјална обврска.

## *2. Воената обврска на граѓаните на Република Македонија*

Законот за одбрана на Република Македонија, воената обврска ја истакнува на прво место на листата на обврските на кои подлежат граѓаните во оваа област. Учеството на граѓаните во одбраната главно се остварува преку извршувањето на воената обврска, преку која тие

се вклучуваат во војската и на тој начин се организираат и обучуваат за учество во вооружена борба и во одбраната на националните интереси на државата. Иако станува збор за обврска на граѓаните, сепак, со воената обврска се опфаќа само дел од нив, и тоа оној дел кој е навистина способен да ги извршува воените активности и да ги исполнува другите услови пропишани со законот на државата.

Воената обврска според Законот за одбрана е дефинирана како општа, меѓутоа општоста се состои во тоа што со неа се опфаќаат сите граѓани без разлика на националноста, вероисповеста, политичката припадност, социјалното потекло и слично.

Всушност, на воена обврска подлежат само граѓаните од машки пол на возраст меѓу 17 и 55 години, а кои се способни за воена служба.

Системот на воена обврска е ограничен и дозиран од севкупноста на одбранбениот систем, одбранбената политика, загрозеноста на земјата и севкупните одбранбени потенцијали, сметајќи тука на стопанската развиеност, уставното уредување, вооружувањето и опременоста за одбрана и бројноста на населението способно за извршување на одбранбените активности и водење на вооружена борба.[2]

Според тоа, државите чиј интегритет и независност не се загрозени, кои имаат развиено стопанство и национална економија, многубројно население способно за воена дејност, модерно вооружување и опрема и слично, своите вооружени сили не мора да ги пополнуваат само со воена обврска. Со неа ги пополнуваат само дел од мирновременските вооружени сили и територијалните единици (доколку формирале такви), а поголемиот дел од своите вооружени сили ги пополнуваат со професионални војници.

Република Македонија сè уште нема добро развиена национална економија, регрутниот контингент е ограничен, а местоположбата сама по себе претставува извор на загрозување. Покрај ова, нашиот одбранбен концепт тргнува од определбата за максимално ангажирање на сите човечки и материјални ресурси и потенцијали во одбраната на земјата, што посредно значи дека е ориентирана

---

[2] Гоцевски, Трајан., *Основите на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија, НИГП „Европа 92“, Кочани, 1995, стр. 197.*

исклучиво кон одбранбена војна. Поради ова, и покрај тенденциите за професионализација на АРМ и настојувањата на МО да се најдат најсоодветни начини за забрзување на овој процес, општата воена обврска сè уште е најсоодветен начин за пополнувањето на вооружените сили на Република Македонија, па доколку не постои свест кај граѓаните за неопходноста од исполнувањето на оваа обврска, секако дека ќе изостане и мотивацијата за правилно извршување на задачите во текот на обуката и подготовките за вооружена борба. Во тој процес граѓаните треба да се приспособат на новиот начин на живот и работа во воените колективи, условен од новата средина, поголемите напори и поинакви обврски и слично, а кои мора да ги почитуваат и извршуваат без приговор.

Бидејќи граѓаните во одбраната учествуваат по должност и обврска, многу е важно каков е нивниот интимен однос кон обврските кои ги имаат во оваа сфера. Доколку граѓаните не чувствуваат интерес и потреба за вклучување во одбранбената сфера, дотолку не се мотивирани за исполнувањето на воената обврска и не ја сфатиле смислата и значењето на обуката во вооружените сили. Во случај кога само „принудно“ ја исполнуваат својата воена обврска, таа за нив ќе биде товар, а во процесот на обуката ќе имаат големи тешкотии околу приспособувањето и нејзиното совладување. Увереноста, пак, на граѓаните дека подготовките се оправдани и имаат смисла, ќе им даде смисла на сите напорни вежби, на разновидните ограничувања и фрустрации и ќе ги мотивира граѓаните за вклучување во одбранбените подготовки. Во услови на меѓународна затегнатост, ова прашање добива исклучителна актуелност и тежина.

### *3. Ставовите на младинците кон воената обврска*

Ставот како поим го користат стручњаци од многу области на општествените науки, кои преку ставовите настојуваат да ги објаснат различните општествени случувања. „Самото познавање на ставовите на некоја општествено-значајна појава или прашање, му овозможува на научникот предвидување на однесувањето на луѓето во врска со таа појава. Иако тоа предвидување на може секогаш да биде целосно

и сигурно, сепак, поимот став повеќе од сите други поими може да го овозможи предвидувањето.“ [3] Главна причина за големиот интерес кој постои за изучувањето и истражувањето на ставовите е токму влијанието на ставовите врз постапките и мотивацијата на луѓето.

Меѓутоа ваквото влијание не е неограничено, што секако треба да се земе предвид. Колку и да е голем интензитетот на ставовите, објективната ситуација претставува ограничување за нивното дејство. Кога објективната ситуација е неопределена, двосмислена и нејасна, влијанието на ставовите во тој случај ќе биде многу поголемо.

Затоа, познавањето на ставовите не може со сигурност да обезбеди точност на предвидувањето за однесувањето на лицата чии ставоти ги знаеме. Акциите на луѓето не мора секогаш да бидат адекватни на нивните ставови, бидејќи на однесувањето и постапките на луѓето влијаат голем број фактори, меѓу кои и можните последици од таквите постапки и условите во кои се постапува. Негативниот став кон служењето на воениот рок на определена категорија младинци, не мора да значи дека сите тие нема да го служат воениот рок, бидејќи тоа може да има негативни последици за нив, но тоа ни дава можност да ја предвидиме нивната мотивираност во извршувањето на задачите во воениот колектив. Предвидувањето дека постапките ќе бидат во согласност со утврдените ставови може да биде само веројатно, но не и сосема сигурно. Сепак, од ставот на поединец или група луѓе, произлегува нивната субјективна проценка на одделни вредности, па затоа ставовите често доминираат во севкупното однесување на човекот. Во Корејската војна многу врвни борбени пилоти на военото воздухопловство на САД биле неефикасни борци, бидејќи имале негативен став кон таа војна.

Младинците се категорија граѓани кои се најадекватно поврзани со воената обврска и таа директно ги засега, бидејќи категоријата младинци на возраст од 18-25 години е: а) во рана фаза на регрутирање; б) непосредно пред отслужување на воениот рок; или в) непосредно по отслужувањето на воениот рок, а кога започнува обврската за служење во резервниот состав.

---

[3] Рот, Н., *Основи социјалне психологије,* Београд, 1972, стр. 156.

Од нивните ставови кон воената обврска во голема мера ќе зависи степенот и начинот на нивното ангажирање во одбранбената сфера, подготвеноста за извршување на сите задачи кои произлегуваат од воената обврска и мотивираноста во процесот на обуката.

Истражувањето кое е направено во 1996/97 година овозможи опис на ставовите на испитаните младинци кон одделни искази, преку кои може да се утврдат нивните ставови кон воената обврска, што беше една од целите на ова истражување. Овде ќе се задржам на некои од исказите кои ја сочинуваа Ликертовата скала, а кои поконкретно упатуваат на ставовите на младинците кон воената обврска.

Одговорите на испитаниците за исказот: *„На РМ ѝ е потребна моќна армија, затоа треба сите да се вклучиме во системот на одбраната“*, упатуваат на поделеност на ставовите кон потребата од создавање на моќна армија и кон значењето на нивното вклучување во системот на одбрана. Со исказот целосно се сложуваат само 13,4% од испитаниците, а делумно 16,2%, што значи дека само 29,6% од испитаниците имаат позитивен став кон овој исказ.

Со исказот *„Потенцијалните опасности за загрозување на мирот во РМ не се причина за одбегнување на воената обврска“*, целосно и делумно се сложуваат 21,5% од испитаниците, што практично значи дека 78,5% од испитаниците би барале можности да ја одбегнат воената обврска, токму поради опасностите од загрозување на мирот. Ваквата вредносна ориентација секако има негативна конотација, бидејќи обврската на поединецот за учество во одбраната не е само законски дефинирана, туку таа во социјалниот живот на човекот има висок морален третман, односно е ставена во редот на највисоките морални обврски. Оттука, нејзиното избегнување е израз на негативен став и однос на единката кон одбраната, па се наметнува прашањето: колку младата популација вредностите кои треба да се бранат ги доживува како свои и колку тие ѝ овозможуваат да ги задоволи своите потреби за богат и материјален и духовен живот? Секако дека тешкотиите кои се присутни во решавањето на проблемите на младите не смеат да бидат причина за откажување од татковината, но сепак мора да се има предвид дека отуѓената положба во создавањето на вредностите воопшто во општествениот живот, продуцира и отуѓување за интересот за нивна заштита и го слабее интензитетот на чувството за поврзаност на поединецот и заедницата.

Со исказот *„Подобро би било служењето на воениот рок да е доброволно“* целосно и делумно се сложуват 77,5% од испитаниците што посредно значи дека овие испитаници не би го служеле воениот рок кога не би биле законски обврзани.

Впрочем и одговорите на наредниот исказ *„Кога би можел да ги одбегнам законските санкции не би го служел воениот рок“* упатуваат на претходниот заклучок и се значаен индикатор за ставовите на испитаните младинци кон воената обврска. Одговорите на 70,4% од нив укажуваат на негативен став кон воената обврска, бидејќи сметаат дека единствено законските санкции ќе бидат причина за нивното служење на воениот рок, а доколку успеат да ги одбегнат, нема да мораат да го служат воениот рок.

Ова е потврда на констатацијата дека постапките на личноста не завистат само од тоа како таа личност сака да постапи, туку и од можните последици од таквата постапка и условите во кои постапува.

Ставовите кон воената обврска воопшто во ова истражување, добиени преку описот на ставовите кон исказите поединечно, групирани се во две категории: позитивни и негативни. Од вкупниот број испитаници кој изнесува 2 300, позитивен став кон воената обврска имаат 674 младинци, а негативен 1.626.

Процентуалниот однос на ставовите на младинците кон воената обврска изнесува:

- 29,3% со позитивен став и
- 70,7% со негативен став кон воената обврска.

Поради ваквиот процент на младинци со негативен став кон воената обврска или, поточно, кон служењето на воениот рок може да се претпостави дека одѕивот на младинците за служење на воениот рок ќе биде незадоволителен, а кај голем дел од војниците ќе нема доволна мотивираност во процесот на обуката, што значи дека ќе мора да се вложуваат дополнителни напори и да се зголемат активностите на старешините во подигањето на степенот на мотивацијата во воените колективи. Интензивирањето на процесот на едукација на младите за одбрана и заштита во школските и воншколските институции и влевањето на поголема доверба во сопствениот одбранбен систем, а особено во Армијата, може исто така да придонесе за зголемувањето на мотивираноста на младите во исполнувањето на воената обврска.

Еден од основните извори за создавање позитивен однос кон одбраната може да биде и општествениот напор за интегрирање на младата популација во севкупниот општествен живот.

Со изградувањето на позитивни ставови кон АРМ и на свеста за потребата од нивно активно вклучување во подготовките за одбрана на земјата, може да се намали одбојноста кон воената обврска и служењето на воениот рок, а со тоа ќе се зголеми мотивацијата за учество во одбранбените подготовки и во извршувањето на задачите во воените колективи, од што може да зависи и успешното функционирање на одбранбниот систем.

## Литература


1. Adanić, S., Tatalović, S., *Oružane snage – novačenje i mobilizacija,* Otvoreno sveučilište, Zagreb, 1993.
2. Bjorn, Moller, *Defence Restructuring and Conversion in Post-Cold war Europe, Paper for the Second conference of the European Peace Research Association* (EUPRA); Budapest, 1993.
3. Ванковска, Б., *Војската и демократијата,* Детска радост, Скопје, 1995.
4. Vjetz, Ježi, *Sociologija vojske,* Vojnoizdavački i novinski centar, Beograd, 1987.
5. Geršak, Teodor, Problemi zavračanja služenja vojaškega roka v dežalah članicah EGS, *Teorija in praksa,* Ljubljana, st. 7-8/1986.
6. Гоцевски, Т., *Основите на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија,* НИГП „Европа 92", Кочани, 1995.
7. Дамјановиќ, Д., *Мотивација војника у обуци и васпитању,* ВИЗ, Београд, 1989.
8. Дил, Пол, *Психологија мотивацсије,* Просвета, Београд, 1990.
9. Еванс, Фил, *Мотивација,* Нолит, Београд, 1975.
10. Јаворовиќ, Б., Друштвени промјене и одбрана и заштита, Загреб, 1990.
11. Јовациќ, Р., *Дијалектика одбране*, ВИЗ, Београд, 1983.
12. Ковачевиќ, С., *Омладина у ОНО и ДСЗ,* Београд, 1980.
13. Лошиќ, А., *Млади пред ступање у армију,* Београд, 1973.
14. Mann, L., *Social psichology,* London, John Willey, 1973.
15. Нацев, З., *Воената обврска и приговорот на совеста,* Филозофски факултет, Скопје, 1996.
16. Рот, Н., *Основи социјалне психологије,* ВИЗ, Београд, 1975.
17. Heinonen, Jukka, Youth and connscription, IPB, WRI, Peace union of Finland, 1986.

**SUMMARY**

Zorica SALTIROVSKA

**CITIZENS AND THE MILITARY OBLIGATION**

Starting up from our nacional interests, Republic of Macedonia give great efforts to fill up primary conditions for membership into NATO Aliance. Giving a great attention to profesionalization of armed forces, with purpose profesionality and expertness to be primary in each segment of armed forces. But, economical ptential od the state, is limit into defence policy area, so military obligation in next period will be dominant way for filling armed forces, and a chanse for as much as posible citizens to learn and be prepared for eventually defence war, because citizens are taking a part into defence by obligation very important thing is their personal relationship to obligations wich they have in this area, and from that relationship will depend their motivation for responding the military obligation.

A special significant have a youth atitude to military obligation, because that's a category of citizans which is:

a) Into a recruit phase

b) Just before military term, or

c) Just after military term when starts obligation for into reserve troupes.

Research made in 1996/97, gave results about youth attitude to military obligation. From 2 300 examinted youth's 29,3% have positive attitude to military obligation, bur 70,7% have negative attitude to that question.

That means that extra efforts must be made into raicing motivatig in military collectives, and citizens motive for fullfilment the military obligation. In building positive attitude to ARM and conscience for neednes for taking apart into defence preparations, could help intensiving of youth educations, could help intensiving of youth education for defence and protection, participating youth population in total society living and making better conditions for living and working into military collectives.